РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 01-346/1
13.07 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на членовите 46, 47, 54 и 55 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019), а во врска со членовите 38, 39 и 40 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), Прекршочната комисија во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на 10.07.2020 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на постапување на Прекршочната комисија во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по спроведена постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на постапување на Прекршочната комисија (во натамошниот текст: **Комисијата**) во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст: **Агенцијата**).

### Член 2

Комисијата поведува прекршочна постапка по поднесено барање од страна на овластено службено лице во Агенцијата.

За добиеното барање од ставот (1) на овој член 1, Комисијата формира посебен предмет и води посебна деловодна евиденција, согласно Планот за архивски знаци во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

### Член 3

Согласно одредбите утврдени во членовите 38, 39 и 40 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, пред да биде поведена прекршочна постапка, овластеното службено лице во Агенцијата е должно

- да состави записник за констатиран прекршок и
- да спроведе постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог;

Формата и содржината на Прекршочниот платен налог од ставот 1 алинеја 2 на овој член ги пропишува Директорот на Агенцијата.

**Член 4**

Сторителот на прекршокот е должен да го плати прекршочниот платен налог во рок од 8 дена од неговиот прием.

Доколку сторителот на прекршокот, кој бил уредно поканет на постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, не го оправда своето отсуство, или одбие да го прими прекршочниот налог, истото се бележи во записникот од член 3 став (1) алинеја 1 од овој Правилник, а овластеното службено лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата.

**Член 5**

Барањето од член 2 од овој Правилник ги содржи следните елементи:

- Основни податоци за идентитетот на сторителот на прекршокот кај Имателот на информации
- назив и седиште на Имателот на информации;
- Фактички опис на прекршокот;
- Време и место на извршување на прекршокот;
- Правна квалификација на прекршокот;
- Докази што треба да се изведат и
- Потпис на подносителот на барањето.

**Член 6**

Комисијата е должна веднаш да постапи по добиеното барање од овластеното службено лице во Агенцијата, да ги прибави доказите и да ја утврди фактичката состојба, односно да спроведе прекршочна постапка доколку постои законска основа за тоа и да донесе соодветна одлука во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка.

**Член 7**

Доколку Комисијата констатира дека не се исполнети условите за поведување на прекршочна постапка, дека нема доволно докази, дека барањето е поднесено од неовластено лице, дека не е поднесено во законски предвидениот рок, или постојат други одлучувачки околности, Комисијата донесува Одлука со која ќе го отфрли барањето за поведување на прекршочна постапка.

**Член 8**

Комисијата по службена должност без одлагање ги прибавува доказите и ја утврдува фактичката состојба потребна за одлучување по прекршокот

Пред донесувањето на решение, Комисијата задолжително го известува сторителот за прекршокот што му се става на товар и го поучува дека во рок од три дена од денот на приемот на известувањето има право да се изјасни за фактите и доказите.

Доколку се потребни дополнителни докази за донесување соодветна одлука, Комисијата истите може да ги побара од засегнатите страни во постапката.

**Член 9**

Комисијата работи и одлучува на седница на која присуствуваат претседателот и сите членови на Комисијата. Во случај на отсуство на претседателот, односно некој од членовите на Комисијата, присуствуваат заменик претседателот, односно замениците – членови.

Седницата на Комисијата почнува со утврдување на дневен ред и усвојување на записникот од претходната седница.

Комисијата поединечно одлучува за секоја точка од дневниот ред, односно предмет на решавање.

На седницата на Комисијата се одлучува и дали по предметите кои се на дневен распоред се исполнети условите за водење на скратена постапка или пак за некои од нив е потребно да се одржи усна расправа.

**Член 10**

Комисија одлуките ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. Член на Комисијата не може да биде воздржан при гласањето.

Одлуки на Комисијата се: решение и заклучок. Тие содржат: увод, диспозитив (изрека), образложение, упатство за правно средство, назив на Комисијата и потпис на претседателот на Комисијата.

Донесувањето на одлуките се врши со јавно гласање на присутните членови на Комисијата.

Начинот на гласање и бројот на гласовите се внесува во посебен записник што се води за прекршочниот предмет.

Решение се донесува кога мериторно се одлучува по прекршочниот предмет. Заклучок се донесува за процедуралните прашања кои се појавиле во текот на постапката.

**Член 11**

За текот на седницата на Прекршочната комисија се води посебен записник, кој задолжително содржи време и место на одржување на седницата и имиња на присутните членови, односно заменици на членови на Комисијата.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на Прекршочната комисија. Доколку претседателот, односно некој од членовите е отсутен, записникот го потпишува заменик – претседателот, односно соодветниот заменик – член.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и објавувањето на веб страницата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Измена и дополнување на овој Правилник ќе се врши на начин и постапка како што и истиот се донесува.

**Претседател на Прекршочната комисија,**
**Цветан Станоески**